**Република Северна Македонија**
**Основен суд Струга**
**Су -04 бр. 40/20-9**
**27.01.2021 година**
**Струга**

Судски администратор на Основниот суд Струга, Ристо Настоски, врз основа на член 43 од Законот за судска служба ( Сл. весник број 43/14 од 04.03.2018 година , бр. 198/18 од 31.10.2018 година) врз основа на објавен интерен оглас бр 1/2020 на Основниот суд Струга, а по спроведената постапка за унапредување на судски службеник во звање Советник, работно место Советник-информатичар, Категорија В, ниво В1, еден извршител, на ден 27.01.2021 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
***- За избор на судски службеник-***

Судскиот администратор на Основниот суд Струга, врз основа на Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су-04 бр.40/20 – 7 од 26.01.2021 и Конечната ранг листа Су-04 бр.40/20 - 8 од 26.01.2021 година, доставени од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник во Основниот суд Струга, за работно место Советник-информатичар, звање Советник, Категорија В, ниво В1, еден извршител, **ГО ИЗБИРА** кандидатот

**МИМОЗА АЛИУ**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за унапредување од звање Соработник, работно место: информатичар, категорија В, ниво В3, во звање Советник, работно место: Советник-информатичар, Категорија В, ниво В1, шифра СУД0101В01003, и Решение за утврдување на плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Струга, на Веб страната на Основниот суд Струга, објави Интерен Оглас за унапредување на судски службеник, со звање Советник, работно место: Советник-информатичар, Категорија В, ниво В1, под број 1/2020 од 24.12.2020 година.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник , до Судскиот администратор на Основниот суд Струга, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 42 ст. 6 од Законот за судска служба , беше доставена Конечната ранг листа Су-04 бр.40/20 - 8 од 26.01.2021 година од постапката за вработување и Предлог одлуката на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник, Су - 04 бр.40/20 – 7 од 26.01.2021, за работното место Советник-информатичар, Категорија В, ниво В1, еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 42 ст.6 , му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Советник-информатичар, Категорија В, ниво В1, еден извршител, и тоа кандидатот Мимоза Алиу.

Судскиот администратор, имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлог одлуката доставени од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник при Основниот суд Струга, а постапувајќи согласно чл. 43 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место** Советник-информатичар, Категорија В, ниво В1, еден извршител **во Основниот суд Струга, го избира кандидатот Мимоза Алиу.**

При изборот на кандидатот Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за унапредување на судски службеник, врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Струга, на ден 27.01.2021 година.

**Судски администратор,**
**Ристо Настоски**

**Поука:** Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Основниот суд Струга, до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

**Д-на:** Мимоза Алиу, огласна табла и веб страницата на судот.

Одлуката е донесена на ден 27.01.2021 год.
Судски администратор.